СТАТИСТИЧКИ МЕТОДИ ЗА БИЗНИС И ЕКОНОМИЈА
Докторски студии

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во СКОПЈЕ

ПРЕДЛОГ

СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ ПО

СТАТИСТИЧКИ МЕТОДИ ЗА БИЗНИС И ЕКОНОМИЈА

(ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА)

Предлагачи:

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ **ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - Скопје**

Скопје, 2020 година

СОДРЖИНА НА ЕЛАБОРАТОТ

1. КАРТА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА 4

2. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА, ОДНОСНО СОВЕТОТ НА НАУЧНАТА УСТАНОВА 9

3. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД РЕКТОРСКАТА УПРАВА ИЛИ УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СЕНАТ 10

4. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ, ПОЛЕ И ОБЛАСТ КАДЕ ПРИПАЃА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА 11

5. СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ 11

6. ЦЕЛ И ОПРАВДАНОСТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА 11

7. ГОДИНИ И СЕМЕСТРИ НА ТРАЕЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА . 13

8. ЕКТС КРЕДИТИ СО КОИ СЕ СТЕКНУВА СТУДЕНТОТ 13

9. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА 13

10. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ 14

11. СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА 14

12. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОСТОРОТ ПРЕДВИДЕН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА 24

13. ЛИСТА НА ОПРЕМА ПРЕДВИДЕНА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА 25

14. ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ СО ИНФОРМАЦИИ СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ОД ОДБОРОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ КОМПОНЕНТИ ... 26

15. СПИСОК НА НАСТАВЕН КАДАР СО ПОДАТОЦИ СОГЛАСНО СО ПРАВИЛНИКОТ ОД ОДБОРОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ КОМПОНЕНТИ ... 27

16. ИЗЈАВА ОД НАСТАВНИКОТ ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА УЧЕСТВО ВО ИЗВЕДУВАЊЕ НАСТАВА ПО ОДРЕДЕНИ ПРЕДМЕТИ ОД СТУДИСКАТА ПРОГРАМА 28

17. СОГЛАСНОСТ ОД ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА ЗА УЧЕСТВО НА НАСТАВНИКОТ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА 28

18. ИНФОРМАЦИЈА ЗА БРОЈОТ НА МЕНТОРИ 28

19. ИНФОРМАЦИЈА ЗА БРОЈОТ НА СТУДЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПРВАТА ГОДИНА НА СТУДИСКАТАПРОГРАМА 28

20. ИНФОРМАЦИЈА ЗА БРОЈОТ НА НАСТАВНИЦИ ВО ПОЛЕТО ОДНОСНО ОБЛАСТА ОДНАУЧНОИСТРАЖУВАЧКОТО ПОДРАЧЈЕ НЕОПХОДНИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ 29

21. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБЕЗБЕДЕНА ЗАДОЛЖИТЕЛНА И ДОПОЛНИТЕЛНА ЛИТЕРАТУРА 29

22. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВЕБ СТРАНИЦА 29

23. ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ СО КОИ СЕ ОПФАТЕНИ НАЈМАЛКУ 20% ОД НАСТАВНИОТ КАДАР 29

24. НАУЧЕН НАЗИВ СО КОЈ СЕ СТЕКНУВА СТУДЕНТОТ ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА..... 33

25. ОБЕЗБЕДЕНА МЕЃУНАРОДНА МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ..... 33

26. СПОРЕДЛИВОСТ СО ПРОГРАМИ ОД СТРАНСКИ ЕМИНЕНТНИ 34

ВИСОКООБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ 34

27. АКТИВНОСТИ И ЕЛЕМЕНТИ ПРЕКУ КОИ СЕ РАЗВИВА И ОДРЖУВА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА 34

П Р И Л О З И*..... *37

ПРИЛОГ 1: ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА, ОДНОСНО СОВЕТОТ НА НАУЧНАТА УСТАНОВА..... 38

ПРИЛОГ 2: ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД РЕКТОРСКАТА УПРАВА ИЛИ УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СЕНАТ 40

ПРИЛОГ 3А: ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД ЛИСТАТА НА ГЕНЕРИЧКИТЕ ПРЕДМЕТИ 42

ПРИЛОГ 3Б: ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД ПОЛЕТО И ОБЛАСТА НА ЕДУКАЦИЈА..... 57

ПРИЛОГ 4: СПИСОК НА НАСТАВЕН КАДАР СО ПОДАТОЦИ СОГЛАСНО СО ПРАВИЛНИКОТ ОД ОДБОРОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ КОМПОНЕНТИ 70

ПРИЛОГ 5: СОГЛАСНОСТ ОД ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА ЗА УЧЕСТВО НА НАСТАВНИКОТ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА..... 146

ПРИЛОГ 6: ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА НА УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ 147

ПРИЛОГ 7: ЗАКЛУЧОЦИ ОД СПРОВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ИНСТИТУЦИИТЕ - ОРГАНИЗАТОРИ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА . 148

ПРИЛОГ 8: СПИСОК НА АКРЕДИТИРАНИ МЕНТОРИ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ПО СТАТИСТИЧКИ МЕТОДИ ЗА БИЗНИС И ЕКОНОМИЈА 152

ПРИЛОГ 8А: РЕШЕНИЈА ЗА АКРЕДИТИРАНИ МЕНТОРИ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ПО СТАТИСТИЧКИ МЕТОДИ ЗА БИЗНИС И ЕКОНОМИЈА 153

ПРИЛОГ 9: ДОДАТОК НА ДИПЛОМА (DIPLOMA SUPPLEMENT) 156

ПРИЛОГ 10: ИЗЈАВА ОД НАСТАВНИКОТ ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА УЧЕСТВО ВО ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВА ПО ОДРЕДЕНИ ПРЕДМЕТИ ОД СТУДИСКАТА ПРОГРАМА 160

1. КАРТА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

Назив на високообразовната установа	**Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје** **Економски факултет – Скопје** **Економски институт - Скопје**
Седиште	Економски факултет, Бул. Гоце Делчев 9В, Скопје Економски институт, ул.Пролет бр.1, Скопје
Веб страна	www.eccf.ukim.edu.mk www.ek-inst.ukim.edu.mk
Вид на високообразовната установа	Универзитет- факултет-институт
Податоци за основачот (на приватната високообразовната установа)	Собрание на Република Северна Македонија
Податоци за последната акредитација	Економски факултет: Прв циклус-2017 година Втор циклус-2017 година Трет циклус-2017 година Економски институт: Втор циклус – 2015, 2017, 2018 Трет циклус – 2017
Студиски и научно-истражувачки подрачја за кои е добиена акредитацијата	Научно подрачје: 5-Општествени науки Полиња: 502-Демографија 503-Економски науки 506-Организациски науки и управување (менаџмент) 513-Статистика
Единици во состав на високообразовната установа	Во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје има: 26 единици, од кои 21 факултет и 5 институти
Студиски програми што се реализираат во единицата која бара дополнување на студиската програма	**Економски факултет** Прв циклус: • Маркетинг • Финансиски менаџмент • Сметководство и ревизија • Надворешна трговија • Менаџмент • Економија • Е-бизнис Втор циклус: • Сметководство и ревизија • МБА - Менаџмент • Монетарна економија, финансии и банкарство • Економски развој и меѓународни финансии • Маркетинг • Европски студии • Управување во јавниот сектор

	• Статистички методи за бизнис и економија • Е-бизнис менаџмент • Менаџмент во осигурувањето • Стратегиски менаџмент на човечки ресурси • Корпоративен финансиски менаџмент Трет циклус: • Демографија • Економски науки • Организациски науки и управување (менаџмент) • Статистички методи за бизнис и економија **Економски институт:** **Втор циклус** • Менаџерска економија • Логистика на бизнисот • Бизнис менаџмент • Меѓународна економија • Финансиски менаџмент • Меѓународен менаџмент • Претприемништво • Агробизнис **Трет циклус:** • Економски науки • Организациски науки и управување (менаџмент) • Статистички методи за бизнис и економија • Демографија
Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата,истражувањето и мобилноста на студентите	На Економскиот факултет во Скопје се негува меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите во рамките на CEEPUS програмата за мобилност на наставен и студенски кадар и Erasmus + програмата (потпишани повеќе договори со странски универзитети, информации достапни на http://www.eccf.ukim.edu.mk/Article/21 . Економски институт: На Економски институт – Скопје се негува меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите во рамките на CEEPUS програмата за мобилност на наставен и студентски кадар, Erasmus и Erasmus + програмата (потпишани повеќе договори со странски универзитети, информации достапни на

	http://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/431_Erasmus+%20dogovori .doc.) и други договори за меѓународна соработка. Економскиот институт има развиено соработка врз основа на Erasmus + програмата со Универзитетот на Болоња – Департман за Економија, бизнис и статистика и Универзитетот на Приморска, Факултет за менаџмент, Копар, Р. Словенија; Истовремено е и членка и основач на Асоцијацијата на економски институти од Југоисточна Европа со која остварува меѓународна научна соработка.
Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност	<u>Економски факултет:</u> Вкупна површина на објектот:14.840 м^2 4 амфитеатри со вк. површина од 810 м^2 7 предавални со вк. површина од 650 м^2 6 лаборатории со вк. површина од 444 м^2 52 кабинети за наставниот кадар со површина од 1.112 м^2 Читална од 863 м^2 Библиотеки од 131 м^2 Интернет центар: 80 м^2 Сала за состаноци: 130 м^2 <u>Економски институт:</u> Економски институт располага со оптимален деловен простор (околу 500 м2) во рамките на овој простор Институтот располага со 2 предавални/училници во кои може да се изведува настава за 50 студенти. 8 кабинети и 1 библиотека
Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност	<u>Економски факултет:</u> Столчиња во амфитеатри и предавални: 1.605 Клупи во амфиеатри и предавални: 425 Електронски табли: 4 Десктоп компјутери: 381 Лаптоп компјутери: 71 Ласерски црно-бели и колор печатачи: 106 ЛЦД проектори: 32 Графоскопи: 16 Скенери: 18 Фоно-аудио апарати: 35 Фотокопири: 5 Факс-телефонски апарати: 2 Физички серверски системи: 8 Wi-Fi интернет со слободен пристап Развиена мрежна инфраструктура <u>Економски институт:</u> Секоја училница е опремена со проектор, флип чарт, табла, компјутерска и комуникациска

	опрема, компјутерски скенер, графоскоп, фотокопир со сортирка, телевизор, видео рекордер, телефонска централа. Библиотечниот фонд располага со 11125 книги, периодика 20 наслови списанија и весници, 100 волумени/годишта и 345 научноистражувачки проекти работени во Институтот. Издавачка дејност на сопствени изданија меѓу кои и списанието Economic development.
Број на студенти за кој е добиена акредитација	Економски факултет: запишување на вкупно 900 редовни и 20 вонредни студенти во прва година, на прв циклус Економски институт: запишување на вкупно 490 студенти во прва година, на втор циклус на сите 8 студиски програми
Број на студенти (првпат запишани)	Економски факултет: Број на студенти Прв циклус – 3.495 Втор циклус – 212 Трет циклус – 69 (заедно со Економски институт и ИСППИ) Економски институт: Втор циклус – 36 студенти на сите 8 насоки Трет циклус – 16 студенти
Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања	Структура на наставничкиот кадар по наставно научни звања на Економскиот факултет во Скопје: Редовни професори 21 Вонредни професори 25 Структура на наставничкиот кадар по наставно научни, научни и наставни звања на Економскиот институт во Скопје: Редовни професори 9 Вонредни професори 9
Број на лица во соработнички звања	Економски факултет – 3 асистенти Економски институт - 0
Однос наставник:студенти(број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно	Економски факултет: Прв циклус: 3.495/47 = 74 Втор циклус: 212/47 = 4,5 Економски институт: Втор циклус: 36/19 = 1,8
Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитет на студиите	Економскиот факултет спроведува процес на самоевалуација на ниво на студиски програми, како и самоевалуација на ниво на целиот факултет, врз основа на Законот за високо образование. Како дел од процесот на самоевалуација, во секој семестар се спроведуваат анонимни анкети на студентите за односот на наставниот кадар и квалитетот

	на високообразовниот процес. Квалитетот на студиите се контролира и во согласност со важечките законски и подзаконски акти, како и со актите на Универзитетот и факултетот. За следење на редовното реализирање на наставата, Факултетот воспостави систем за електронска евиденција на одржувањето на наставата. Економски институт спроведува процес на самоевалуација на ниво на студиски програми, како и самоевалуација на ниво на целиот институт, врз основа на Законот за високо образование. Како дел од процесот на самоевалуација, во секој семестар се спроведуваат анонимни анкети на студентите за односот на наставниот кадар и квалитетот на високообразовниот процес. Квалитетот на студиите се контролира и во согласност со важечките законски и подзаконски акти, како и со актите на Универзитетот и факултетот.
Фреквенција на самоевалуациониот процес	Со цел да се обезбедат услови за континуирано подобрување на квалитетот на наставата (образовниот процес) се предвидува самоевалуација секоја трета година.
Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата	Последната надворешна евалуација на Универзитетот, каде што припаѓаат обете единици, е спроведена од 16 до 20 октомври 2017 година од страна на експертски тим номиниран од Европската асоцијација на универзитети, во Брисел. Извештајот од спроведената евалуација е достапен на веб-страницата http://ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=155&glavno=1
Други податоци кои установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност	

2. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА, ОДНОСНО СОВЕТОТ НА НАУЧНАТА УСТАНОВА

Одлуката е дадена во прилог број 1 на крајот од елаборатот.

3. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД РЕКТОРСКАТА УПРАВА ИЛИ УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СЕНАТ

Одлуката е дадена во прилог број 2 на крајот од елаборатот.

4. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ, ПОЛЕ И ОБЛАСТ КАДЕ ПРИПАЃА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Студиската програма од трет циклус на студии по Статистички методи за бизнис и економија припаѓа на:

Научно подрачје 5 – Општествени науки,
Научно поле 513 -Статистика.

Студиската програма ги покрива следниве области:

Научни области:	
51300	Теорија и методи на општествената статистика
51301	Статистика на националните сметки и стопански биланси
51302	Индустриска статистика
51303	Земјоделска статистика
51304	Економска статистика
51305	Социјална статитика
51306	Демографска статистика
51307	Друго

5. СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ

Студиската програма Статистички методи за бизнис и економија организирана од страна на Економски факултет – Скопје и Економски институт – Скопје е **од трет циклус, докторски студии, или VIII ниво според Националната рамка за високообразовните квалификации, односно ниво 8 според Европската рамка за високообразовни квалификации.**

6. ЦЕЛ И ОПРАВДАНОСТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Целите на докторската студиска програма по Статистички методи за бизнис и економија е образување на научници кои ќе можат самостојно и креативно да спроведуваат оригинални статистички и економетриски истражувања во областа на економијата и бизнисот на високо ниво и во согласност со меѓународните стандарди во тие области и кои ќе работат на развој и унапредување на примената на најсовремените статистички и економетриски методи во науката (на универзитетите и другите високообразовни институции), но и во јавниот и приватниот сектор. Крајната цел на студиите е да се создадат и развијат самостојни истражувачки способности кои им се неопходни на учесниците на оваа докторска студиска програма за градење на идни академски кариери или кариери во јавниот или приватниот сектор.

Докторската студиска програма по Статистички методи за бизнис и економија опфаќа напредни знаења од областа на статистиката и економетријата и нивна примена во економијата и бизнисот. Овие студии се засноваат на принципите на мултидисциплинарност, можност за избор и начелата на Болоњската декларација. Структурата на студиите го одразува мултидисциплинарниот карактер на

статистиката како научна дисциплина. Целта на можностите за избор е да се овозможи индивидуален и насочен научно-истражувачки развој на секој студент. Институционалниот развој на студиите во рамките на Болоњската декларација би требало да овозможи поголема мобилност на студентите и наставниците помеѓу сродните студиски програми, но и да обезбеди рамка за соработка на научно-истражувачки теми кои се од заеднички интерес.

Докторската студиска програма по Статистички методи за бизнис и економија е организирана во согласност со правилата на европскиот кредит трансфер систем и има за цел профилирање на кадри за самостојно спроведување на оргинални научни истражувања. Здобивајќи се со напредни теоретско-апликативни знаења, студентите ќе се оспособат за изработка на комплексни економски анализи и доаѓање до предлози за ефикасно решавање на економските проблеми, било на ниво на економијата како целина, било на ниво на поединечни економомски сектори и поединечни фирми. Развиените автономни истражувачки капацитети на докторантите ќе придонесат во градењето на нивната понатамошна кариера во бизнис секторот, нефинансиски и финансиски; потоа секторот на државните институции и јавни претпријатија; како и секторот на академските институции.

Содржините во рамките на студиската програма на третиот циклус студии по Статистички методи за бизнис и економија се дизајнирани врз основа на следење на современите придонеси во теоретската и емпириската економска анализа. Тоа значи дека ќе се користат актуализирани изданија на учебници од автори со меѓународна репутација, како и статии и истражувачки публикации, кои ги содржат клучните теоретско - апликативни придонеси поврзани со прашања и проблеми што ги носат современите, актуелните процеси и динамички промени во денешните економии. Со тоа, студентите ќе добијат пристап до најновите научни сознанија од полето на Статистичките методи за бизнис и економија.

Структурата и содржините на предметните програми на третиот циклус на студии по Статистички методи за бизнис и економија се дизајнирани врз основа на истражување на слични студиски програми на реномирани универзитети во САД и Европската унија. Исто така, предложената студиска програма ги имплементира стандардите од концепциски и методолошки аспект кои се пропишани со Болоњската декларација. Истите се во насока на остварување на целите на обединета Европа во создавање на општество на знаење врз основа на два клучни столба - Европскиот истражувачки простор (EuropeanResearchArea – ERA) и Европскиот простор на високо образование (Europian Higher Education Area - EHEA) кои имаат посебно место во процесите на евроинтеграцијата.

Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје има најдолгогодишна традиција во организирање студии од прв циклус на студии (6 децении) и втор циклус на студии (5 децении на најстариот последипломски студиум по Монетарна економија) и едно деценискоисуство во областа на Статистичките методи за бизнис и економија во Република Македонија. Само во изминатите две децении, на Економскиот факултет во Скопје магистрирале и докторирале голем број на студенти, кои се вработени на раководни места во државни институции, јавни претпријатија, банки и други финансиски институции и во компании од бизнис секторот. При тоа, наставниот кадар на студиите од втор циклус настојуваат постојано да ги иновираат содржините на предметните програми.

Економскиот институт во Скопје е етаблиран како високообразовна институција повеќе од 15 години. Постдипломските студии по меѓународна економија, заедно со можноста за стекнување на докторат по Статистички методи за бизнис и економија, функционираат од учебната 1998/1999 година, врз основа на согласност од Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија, бр. 12-

977/2 и 3 од 19 март 1998 година, добиена по претходно прибавено мислење од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, бр.08-215 од 19 февруари 1998 година. Во периодот од 1998/1999 година до денес на Економскиот институт во Скопје се пријавени и одбранети повеќе докторски дисертации.

Студиската програма која е предложена претставува елаборат за повторна акредитација на студиумот од трет циклус по Статистички методи за бизнис и економија. Оваа програма првпат беше акредитирана во 2012 година, а повторна акредитација беше извршена во 2017 година. Во досегашниот период на неа се запишаа вкупно 4 студенти. Ваквиот мал број е резултат од немањето доволен број ментори (само еден) во периодот на претходна акредитација и реакредитација. Но фактот дека постои интерес за запишување на овој студиум како и тоа што дел наставниците ангажирани на овој студиум ги стекнаа условите да бидат акредитирани ментори претставуваше мотив да побараме повторна акредитација, со што би им овозможиле на новите генерации заинтересирани студенти да го продолжат своето образование на третиот циклус студии од областа на Статистичките методи за бизнис и економија. Економскиот факултет и Економскиот институт соработуваат и на програмата од трет циклус по Организациски науки и управување (менаџмент) како и на програмата од трет циклус по Економски науки, со што се дополнува понудата на програми со кои студентите што ги комплетирале првиот и вториот циклус студии од овие области можат да продолжат со своето стручно усовршување.

7. ГОДИНИ И СЕМЕСТРИ НА ТРАЕЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Студиската програма по Статистички методи за бизнис и економија се организира во траење од 3 години, односно 6 семестри.

8. ЕКТС КРЕДИТИ СО КОИ СЕ СТЕКНУВА СТУДЕНТОТ

Со завршување на тригодишните универзитетски, докторски студии од трет циклус, студиска програма Статистички методи за бизнис и економија, **студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити.**

9. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Докторските студии се реализираат сосамофинансирање на кандидатите. Изворите за самофинансирање на кандидатите може да бидат потпомогнати со стипендии, средства на компании, како и средства кои би се обезбедиле преку други фондови и грантови на меѓународни институции.

Висината на износот, начинот на уплата, како и сите други услови се регулирани со Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклусна студии на Универзитетот „Св Кирил и Методиј” во Скопје, како и со актите на Економскиот факултет и Економскиот институт во Скопје.

10. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

Запишувањето на докторските студии се врши врз основа на конкурс кој го објавува Универзитетот. Постапката за донесување и објавување на конкурсот е утврдена со закон и со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје.

Право за запишување на докторски студии имаат лица кои завршиле соодветни студиски програми и кои ги исполнуваат основните критериуми:

- завршен II циклус академски студии, со стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити од првиот и вториот циклус студии збирно;
- завршени постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем;
- стекната стручна подготовка според студиски програми за регулирани професии, со остварени најмалку 300 ЕКТС-кредити;
- остварен просечен успех од најмалку 7,5 на прв циклус студии, најмалку 7,5 на втор циклус студии, односно најмалку 7,5 за интегрирани студии;
- познавање на англиски јазик, што се докажува со уверение или сертификат издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, меѓународен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестатор, утврден со конкурсот или диплома за претходно стекнато образование – додипломски студии (прв циклус) и/или постдипломски студии (втор циклус) каде студиската програма се изведувала на англиски јазик

Советот на студиската програма може да утврди дополнителни критериуми за запишување. Соодветноста на претходно завршените студии се утврдува од страна на Советот на студиската програма за докторски студии.

По завршувањето на конкурсот се објавува прелиминарна ранг-листа на примени кандидати на докторските студии, за секоја студиска програма, односно потпрограма одделно. За кандидатите кои не ги исполнуваат условите за запишување на докторски студии се објавува посебна листа.

Ранг-листата се формира според бодовите кои се пресметуваат врз основа на критериумите утврдени со Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како и со самиот конкурс. Прелиминарната ранг-листа на примени кандидати и листата на кандидати кои не ги исполнуваат условите се утврдуваат од страна на советот на студиската програма.

Роковите за пријавување на кандидатите, за објавување на ранглистите, за одлучување по приговори и за другите елементи поврзани со постапката за запишување се утврдуваат со конкурсот.

11. СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Студиите се организираат во период од 3 години според следниов режим:

- ***Прва година (Обука за истражување и едукација) – 60 ЕКТС со кои кандидатот се стекнува со генерички и специфични знаења потребни за изработка на докторската дисертација. Првата година се организира во рамки на 2 семестри.***

Прв семестар – 30 ЕКТС кредити и тоа:

- *6 ЕКТС кредити* од два задолжителни предмети од областа за стекнување генерички знаења и вештини за истражување: Етика во научно-истражувачката работа (3 ЕКТС кредити) и Методологија на научно-истражувачка работа (3 ЕКТС кредити) (Табела бр. 2а).
- *6 ЕКТС кредити* од еден изборен предмет, за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетската листа на изборни предмети од трет циклус студии. Изборниот предмет треба да биде од акредитирана студиска програма од друга единица на Универзитетот.
- *18 ЕКТС кредити од предмети во подрачјето и потесната област на истражување (од Табела бр. 7)*

- Втор семестар – 30 ЕКТС кредити (Табела 7)

Во вториот семестар кандидатот избира два предмети од подрачјето и потесната област на истражување според препорака на менторот избран од страна на кандидатот (вкупно 12 ЕКТС кредити) (Табела бр. 7).

Покрај ова, во вториот семестар кандидатот треба да освои и дополнителни 18 кредити од:

- Истражувачка работа под менторство (подготовка на предлог-докторски проект) (14 кредити).
- Прва годишна конференција со презентација на извештај (4 кредити).

Табела бр.1: Преглед на активности и ЕКТС - кредити во прва година на трет циклус студии од областа на економските науки

I година Активности	**Број на кредити**
Прв семестар	
Научно-истражувачка етика со примена и примери во подрачјето на економските науки (задолжителен предмет)	3 ЕКТС кредити
Методологија на научно-истражувачка работа со примена и примери во подрачјето на економските науки (задолжителен предмет)	3 ЕКТС кредити
Изборен предмет за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетската листа на изборни предмети	6 ЕКТС кредити
Изборен предмет за стекнување напредни знаења од областа на истражување	6 ЕКТС кредити
Изборен предмет за стекнување напредни знаења од областа на истражување	6 ЕКТС кредити
Изборен предмет за стекнување напредни знаења од областа на истражување	6 ЕКТС кредити
ВКУПНО:	**30 ЕКТС кредити**
Втор семестар	
Изборен предмет за стекнување напредни знаења од областа на истражување	6 ЕКТС кредити
Изборен предмет за стекнување напредни знаења од областа на истражување	6 ЕКТС кредити
Истражувачка работа под менторство (подготовка на предлог-докторски проект)	14 ЕКТС кредити
Прва годишна конференција со презентација	4 ЕКТС кредити
ВКУПНО:	**30 ЕКТС кредити**
ВКУПНО ПРВА ГОДИНА	**60 ЕКТС кредити**

Табела бр. 2: Листа на предложени предмети за стекнување генерички знаења, усвоена од Школата за докторски студии на УКИМ

Генерички предмети	Наставник	Институција	ЕКТС кредити
Економетрија	Проф д-р Весна Буцевска	Економски факултет	6
Статистичка анализа	Проф. д-р Калина Треневска-Благоева Проф.. д-р Марија Трпкова – Несторовска	Економски факултет Економски факултет Економски факултет	6
Операциони истражувања	Проф. д-р Виолета Цветкоска	Економски факултет Економски факултет Економски факултет	6
Избрани проблеми од микроекономијата и макроекономијата	Академик Таки Фити Проф. д-р Владимир Филиповски Проф. д-р Предраг Трпески	Економски факултет Економски факултет Економски факултет	6
Претприемништво и иновации	Проф. д-р Зоран Јаневски Проф. д-р Стојан Дебарлиев	Економски факултет Економски институт Економски факултет	6
Други предмети од единиците на УКИМ	Од други единици на УКИМ	УКИМ	6

Табела бр.2а: Задолжителни предмети за стекнување генерички знаења:

Методологија на научно истражувачка работа со примена и примери во подрачјето на економските науки	Проф. д-р Верица Јаневска проф. д-р Марија Таковска	Економски институт Економски институт	3
Научно-истражувачка етика со примена и примери во подрачјето на економските науки	Проф. д-р Леонид Наков (Професор од друга единица на УКИМ)	Економски факултет	3

- ***Втора и трета година – изработка на докторска дисертација – 120 кредити*** **(пријава, истражување, изрботка и одбрана)**

Пријавата, изработката и одбраната на докторската дисертација носат вкупно 120 ЕКТС- кредити и истите треба да се реализираат во период од 2 години, односно 4 семестри.

Активностите во третиот семестар (Втора година) се состојат од подготовка на пријава за докторска дисертација и јавна презентација на тезите, методологијата, очекуваните резултати и други релевантни аспекти на истражувањето кое кандидатот планира да го спроведува. Структурата на овие активности и соодветните ЕКТС кредити се дадени во Табела бр.3.

Табела бр.3: Структура на студиите во втората и третата година од докторските студии

II ГОДИНА		**ЕКТС кредити**
Трет семестар		
	Предлог-докторски проект	27
	Прв докторски семинар	3
Четврт семестар		
	Изработка на докторскиот труд	20
	Меѓународна мобилност	6
	Втора годишна конференција	4
ВКУПНО II ГОДИНА		**60**
III ГОДИНА		
Петти семестар		
	Активности за објавувањето на два труда во референтна научна публикација	20
	Учество на меѓународен собир	7
	Втор докторски семинар	3
Шести семестар		
	Трета годишна конференција	4
	Одбрана на докторскиот труд	26
ВКУПНО III ГОДИНА		**60**
ВКУПНО КРЕДИТИ II И III ГОДИНА		**120**

Табела бр.4: Вкупно кредити на тригодишна студиска програма

Семестри	Број на кредити
I и II	60
III и IV	60
V и VI	60
Вкупно	180

Табела 4.1. Распоред на предмети/активности по семестри и години на студии

Структура на студиската програма за докторски студии					
Семестар	**Реден број или код**	**Назив на предмет/активност**	**Број на ЕКТС кредити**		**Припадност на предмет/активност согласно ЗВО**
			Задолжителни предмети/ активности	**Изборни предмети**	
ПРВ семестар	1	**Методологија на научно истражувачка работа со примена и примери во подрачјето на економските науки**	3		Организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви
	2	**Научно-истражувачка етика со примена и примери во подрачјето на економските науки**	3		Организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви
	3	Изборен предмет за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетската листа на изборни предмети		6	Организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви
	4	Изборен предмет за стекнување напредни знаења од областа на истражување		6	Организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви
	5	Изборен предмет за стекнување напредни знаења од областа на истражување		6	Организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви
	6	Изборен предмет за стекнување напредни знаења од областа на истражување		6	Организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви
	Вкупен број на ЕКТС кредити во зависност дали активноста/предметот е задолжителна или изборна		6	24	
	Вкупен број на ЕКТС кредити во прв семестар		30		
ВТОР семестар	7	Изборен предмет за стекнување напредни знаења од областа на истражување		6	Организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви
	8	Изборен предмет за стекнување напредни знаења од областа на истражување		6	Организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви
	9	**Самостојно истражување**	14		Независен истражувачки проект под менторство (докторски проект)
	10	**Годишна конференција со презентација на извештај**	4		Предавања и друг вид комуникациски активности
	Вкупен број на ЕКТС кредити во зависност дали активноста/предметот е задолжителна или изборна		18	12	
	Вкупен број на ЕКТС кредити во втор семестар		30		
ТРЕТ	11	**Предлог-докторски проект**	27		Независен истражувачки проект под менторство (докторски проект)

	12	**Прв докторски семинар**	3		Предавања и друг вид комуникациски активности
	Вкупен број на ЕКТС кредити во зависност дали активноста/предметот е задолжителна или изборна		30	0	
	Вкупен број на ЕКТС кредити во четврти семестар		30		
ЧЕТВРТИ семестар	13	**Изработка на докторски труд**	20		Изработка на јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект
	14	**Меѓународна мобилност**	6		Меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој
	15	**Втора годишна конференција**	4		Организирани предавања и друг вид комуникациски активности
	Вкупен број на ЕКТС кредити во зависност дали активноста/предметот е задолжителна или изборна		30	0	
	Вкупен број на ЕКТС кредити во четврти семестар		30		
ПЕТТИ семестар	16	**Активности за објавувањето на два труда во референтна научна публикација**	20		Објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд
	17	**Учество на меѓународен собир**	7		Предавања и друг вид комуникациски активности
	18	**Втор докторски семинар**	3		Предавања и друг вид комуникациски активности
	Вкупен број на ЕКТС кредити во зависност дали активноста/предметот е задолжителна или изборна		30	0	
	Вкупен број на ЕКТС кредити во петти семестар		30		
ШЕСТИ семеста	19	**Трета годишна конференција**	4		Предавања и друг вид комуникациски активности
	20	**Одбрана на докторскиот труд**	26		Изработка на јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект
	Вкупен број на ЕКТС кредити во зависност дали активноста/предметот е задолжителна или изборна		30	0	
	Вкупен број на ЕКТС кредити во петти семестар		30		
	Вкупен број на ЕКТС кредити за сите семестри заедно		180		

Табела 4.2. Изборни наставни предмети на студиската програма

Реден број	Назив на предметот	Семестар	ЕКТС	Часови	Код на научна област на која му припаѓа изборниот предмет
1	Математичка статистика	Во прв или втор семестар	6	180	51307 Друго
2	Напредна економетрија	Во прв или втор семестар	6	180	51307 Друго
3	Статистички методи во контрола на квалитет	Во прв или втор семестар	6	180	51307 Друго
4	Анализа на временски серии	Во прв или втор семестар	6	180	51307 Друго
5	Мултиваријациона анализа	Во прв или втор семестар	6	180	51307 Друго
6	Наука за податоци	Во прв или втор семестар	6	180	51307 Друго

Табела 4.3. Преглед на застапеност на задолжителните предмети/активности, изборните предмети на студиската програма

Семестар	Број на задолжителни предмети/активности	Број на изборни предмети	Вкупно предмети
I	2	4	6
II	2	2	4
III	2	0	2
IV	3	0	3
V	3	0	3
VI	2	0	2
Вкупно	14	6	20
% застапеност	70%	30%	100%

*Во пресметките за преглед на застапеност покрај задолжителните и изборните предмети, вклучени се и задолжителните активности: самостојно истражување, годишна конференција со презентација на извештај, предлог-докторски проект, прв докторски семинар, изработка на докторскиот труд, меѓународна мобилност, втора годишна конференција, активности за објавувањето на два труда во рефернтна научна публикација, учество на меѓународен собир, втор докторски семинар, трета годишна конференција и одбрана на докторски труд

Табела 4.4. Преглед на процентуалната застапеност на предмети/активности, изборните предмети

РБ	Траење на студиите (години)/ вкупен број на ЕКТС на студиската програма	Вкупна оптовареност изразена преку ЕКТС		Оптовареност за задолжителни предмети изразена преку ЕКТС		Оптовареност за изборни предмети изразена преку ЕКТС	
		А Вкупен број на ЕКТСод наставните предмети и други задолжителни активности	А1 Процентуална застапеност на ЕКТС од наставните предмети на студиската програма	**Б** Вкупен број на ЕКТС од задолжителните наставни предмети и други задолжителни активности	Б1 Процентуална застапеност на ЕКТС од задолжителните наставни предмети во однос на вкупниот број на ЕКТС на студиската програма	**В** Вкупен број на ЕКТС од изборни наставни предмети	В1 Процентуална застапеност на ЕКТС од изборните наставни предмети во однос на вкупниот број на ЕКТС на студиската програма1
1	1 година 60 2 години 120 3 години 180	180	**100%**	144	**80%**	36	**20%**

*Во пресметките за процентуална застапеност покрај задолжителните и изборните предмети, вклучени се и задолжителните активности: самостојно истражување, годишна конференција со презентација на извештај, предлог-докторски проект, прв докторски семинар, изработка на докторскиот труд, меѓународна мобилност, втора годишна конференција, активности за објавувањето на два труда во рефернтна научна публикација, учество на меѓународен собир, втор докторски семинар, трета годишна конференција и одбрана на докторски труд.

Услови и динамика на студирање

За да поднесе пријава за изработка на докторска дисертација кандидатот треба има ги има остварено минимум 60 ЕКТС, од кои 42 кредити од избраните предмети во првата година од докторските студии, најмалку 4 ЕКТС - кредити од годишна конференција и 14 ЕКТС кредити од истражувачка работа под менторство.

Пријавата, изработката и одбраната на докторската дисертација носат вкупно 120 ЕКТС- кредити и истите треба да се реализираат во период од 2 години, односно 4 семестри.

Студентот стекнува право да го предаде докторскиот труд под следниве услови:

- остварени 154 ЕКТС-кредити;
- објавени најмалку два труда во референтна научна публикација, согласно со Законот за високото образование, како прв автор или автор за кореспонденција;

Докторскиот труд студентот го поднесува во седум еднообразни примероци, во печатена и во електронска форма.

11.1.Компетенции со кои се стекнуваат студентите на трет циклус студии по Статистички методи за бизнис и економија

А) Општи дескриптори за квалификации за трет циклус студии со 180 ЕКТС од областа на Статистичките методи за бизнис и економија

а)Знаење и разбирање

Со завршувањето на студиите на трет циклус од областа на Статистичките методи за бизнис и економија, студентите треба да стекнат високо ниво на знаење и совршено разбирање на статистичките методи и економетриските модели и со специфични вештини за примена на ова знаење во анализа на микро и макроекономските појави, процеси и законитости, како и во бизнис процесите. Овие знаења претставуваат резултат на нивниот целокупен процес на високо образование и се надополнети со способности за концептуализација, компарација, анализа, критика и практична примена.

Стекнатите знаења се засновани на користење современа литература, научни статии и тековни информации и го оспособуваат кандидатот и самостојно да истражува, согласно современите научни стандарди.

б) Примена на знаењето и разбирањето

Стекнатите знаења се засновани на користење современа литература, научни статии и тековни информации и го оспособуваат кандидатот да идентификува конкретни проблеми, да концептуализира рамка за нивна анализа и решавање, аргументирано да полемизира и да нуди решенија. Покрај компетенциите за решавање на проблемите на професионално поле, кандидатот е оспособен да спроведе и истражувања на проблеми на поширок план, со што може да понуди и научен придонес преку објавување на резултатите на своите истражувања во меѓународни публикации.

в) Способност за проценка

Кандидатот е способен да прибира податоци, да користи современи бази на податоци и литература, како и да идентификува законитости и каузалности во економските појави и процеси. Тој умее да прави соодветни проценки, врз основа на личните, општествените, научните и други аспекти.

Оспособен е да оформува мислење, да критикува, полемизира и аргументира. Покажува способност да иницира проекти и истражувања, да ги води истражувањата и да ги сумира и презентира нивните резултати во формат соодветен на највисоките стандарди на научната мисла.

г) Комуникациски вештини

Способност за формулирање на резултатите од истражувањата на концизен, јасен и уверлив начин, почитувајќи ги стандардите на научно-истражувачката етика. Способност за орални презентации, користење современи аудио и визуелни изразни средства и техники и управување со времето на презентациите. Кандидатот умее да воспоставува контакти со поврзани субјекти, да ги елаборира своите потреби од информации, да комуницира по писмен пат и да ги почитува процедурите на прибирање, чување и употреба на информациите со кои располага.

Оспособен е да дискутира со стручната и останатата јавност, професионално и темелно да ги брани своите ставови и да ги образложува своите аргументи. Резултатите од научните истражувања ги елаборира и публикува согласно современите научни стандарди. Способност за држење предавања на одредена тема.

д) Вештини на учење

Поседува способност за брзо разбирање на наставна и научна материја од соодветната област публикувана на висок стил. Умее да користи техники на апстракција, анализа и дедукција во совладувањето на одредена материја. Покажува иницијатива за натамошно интелектуално надградување.

Б) Специфични дескриптори на квалификацијата со која се одредуваат резултатите од учењето за трет циклус студии со 180 кредити, студиска програма Статистички методи за бизнис и економија, согласно Уредбата за националната рамка на високо-образовните квалификации.

а) Знаење и разбирање

Покажува продлабочени знаења и разбирање во научно-истражувачките полиња и области опфатени со програмата на третиот циклус студии, како што се:

- Познавање на економската теорија релевантна за конструкција и решавање на макроекономските модели;
- Примена на квантитативните техники потребни за градба, оценки и тестирање на доверливоста на параметрите изведени од динамичките модели;
- Способност за критична оценка за употребливоста, ограниченостите, потенцијалните слаби точки и сензитивноста на моделот на екстерни или ендогени шокови (промени во параметрите);
- Креирање на економетриски модели и анализа на релациите помеѓу променливите;
- Анализа на временски серии и проектирање на нивното движење во иднина;
- Предвидување на движењата на економските временски серии;
- Примена на статистичките методи во контролата и континуираното унапредување на квалитетот на процесите во производниот и услужниот сектор;
- Способност за избор на најсоодветните статистички, економетриски и други квантитативни методи при решавање на сложени проблеми од економијата и бизнисот;
- Спроведување на анализа заснована на примена на повеќе методи и модели, толкување на резултатите од анализата и предлагање на економски и деловни одлуки;
- Унапредување на знаењето и зајакнување на аналитичките способности и обучувањето за користење на адекватни софтверски пакети со цел да бидат поефикасни во решавањето на квантитативните проблеми во економијата и бизнисот.

б) Примена на знаењето и разбирањето

Кандидатот е компетентен да идентификува, анализира и решава проблеми во бизнисот и јавниот сектор, поврзани со знаењата стекнати во предметните научни области проучувани на третиот циклус на студии. Преку примена на квантитативните методи, умее да врши анализа на понудените решенија и да примени критериуми за оптимализација, за избор на најдобро решение.

Способен е за тимска работа и интегрирање на знаењата на членовите на тимот во процесот на одлучување. Поседува квалитети на продлабочено разгледување на задачите кои се предмет на разгледување покажувајќи елементи на инвентивност, и

може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата.

в) Способност за проценка

Оспособен е за проценка на тежината на проблемот, комплексноста на ситуацијата, применливоста на можните решенија, адекватноста на понудениот одговор на ситуацијата и избор на оптималното решение. При донесувањето на одлуките ги зема предвид теоретските сознанија и практичните аспекти, економските и неекономските фактори, како и пошироките импликации на проектите и промените.

Ги користи современите методологии и техники за оценување на каузалната врска помеѓу законитостите и појавите и дава аргументирани објаснувања за релациите помеѓу нив, како и за дизајнот на економските политики во правец на решавање на постоечките проблеми и изнаоѓање решенија.

г) Комуникациски вештини

Умее да подготвува излагања и презентации, користејќи се со современи нагледни средства. Способност да елаборира за одреден проблем, да дискутира со аргументи, да брани одредени ставови и да препознае квалификувана аргументација кај други дискутанти. Способност за подготовка на извештаи за анализираните проблеми.

Оспособен е за професионална комуникација со експерти од соодветната област и учество во научно-истражувачки проекти

д) Вештини на учење

Свесност за потребата од континуирано идентификување на потребите за стекнување нови знаења. Демонстрира способност за вклучување во активно учење, способност да се служи со научно-истражувачки методи и да користи релевантна литература во своите анализи.

Способен е да анализира конкретни студии на случај и да анализира научни трудови од соодвтената област.

12. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОСТОРОТ ПРЕДВИДЕН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Студиската програма од трет циклус студии по Статистички методи за бизнис и економијаќе се реализира во просторот со кој располагаат организаторите на програмата – Економскиот факултет – Скопје и Економски институт – Скопје. Поконкретно, станува збор за следниов простор кој стои на располагање:

<u>Економски факултет:</u>

- Вкупна површина на објектот:14.840 м^2
- 4 амфитеатри со вк. површина од 810 м^2
- 7 предавални со вк. површина од 650 м^2
- 6 лаборатории со вк. површина од 444 м^2
- 52 кабинети за наставниот кадар со површина од 1.112 м^2
- Читална од 863 м^2
- Библиотеки од 131 м^2
- Интернет центар: 80 м^2
- Сала за состаноци: 130 м^2

Економски институт:

- Површина на просторот: околу 500 м^2
- 2 предавални/училници во кои може да се изведува настава за 50 студенти
- 8 кабинети
- Библиотека.

13. ЛИСТА НА ОПРЕМА ПРЕДВИДЕНА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Целокупната опрема со која се реализира наставата на останатите студиуми кај организаторите на програмата ќе биде на располагање за програмата од трет циклус студии по Статистички методи за бизнис и економија. Поконкретно, станува збор за следнава опрема:

Економски факултет:

- Столчиња во амфитеатри и предавални: 1.605
- Клупи во амфиеатри и предавални: 425
- Електронски табли: 4
- Десктоп компјутери: 381
- Лаптоп компјутери: 51
- Ласерски црно-бели и колор печатачи: 106
- ЛЦД проектори: 32
- Графоскопи: 16
- Скенери: 18
- Фоно-аудио апарати: 35
- Фотокопири: 5
- Факс-телефонски апарати: 2
- Физички серверски системи: 8
- Wi-Fi интернет со слободен пристап
- Развиена мрежна инфраструктура

Економски институт:

Секоја училница е опремена со проектор, флип чарт, табла, компјутерска и комуникациска опрема,компјутерски скенер, графоскоп, фотокопир со сортирка, телевизор, видео рекордер, телефонска централа.

Библиотечниот фонд располага со 13300 книги, 2133 волумени на списанија и периодика и преку 320 научноистражувачки проекти работени во Институтот.

14. ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ СО ИНФОРМАЦИИ СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ОД ОДБОРОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ КОМПОНЕНТИ

Табела 7: Листа на изборни предмети на студиска програма од трет циклус студии по Статистички методи за бизнис и економија

Код ЕСО	Име на предмет	Наставник	Институција
1.	Математичка статистика	проф. д-р Игор Ивановски	Економски факултет - Скопје
2.	Напредна економетрија	Проф. д-р Весна Буцевска	Економски факултет - Скопје
3.	Статистички методи во контрола на квалитет	Проф. д-р Весна Буцевска	Економски факултет - Скопје
4.	Анализа на временски серии	проф. д-р Марија Трпкова-Несторовска проф. д-р Драган Тевдовски	Економски факултет - Скопје
5.	Мултиваријациона анализа	проф. д-р Марија Трпкова-Несторовска Проф. д-р Калина Треневска-Благоева	Економски факултет - Скопје
6.	Наука за податоци	проф. д-р Виолета Цветкоска	Економски факултет - Скопје

Деталните предметни програми се дадени во Прилог 3А за генеричките предмети и прилог 3Б за изборните предмети.

15. СПИСОК НА НАСТАВЕН КАДАР СО ПОДАТОЦИ СОГЛАСНО СО ПРАВИЛНИКОТ ОД ОДБОРОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ КОМПОНЕНТИ

Табела 8: Список на наставниот кадар ангажиран на студиската програма од трет циклус по Статистички методи за бизнис и економија

Ред.бр	Наставник	Институција
1.	Проф.д-р Весна Буцевска	Економски факултет – Скопје
2.	Академик Таки Фити	Економски факултет – Скопје
3.	Проф.д-р Владимир Филиповски	Економски факултет – Скопје
4.	Проф. д-р Калина Треневска-Благоева	Економски факултет – Скопје
5.	Проф. д-р Леонид Наков	Економски факултет – Скопје
6.	проф. д-р Игор Ивановски	Економски факултет - Скопје
7.	проф.д-р Драган Тевдовски	Економски факултет – Скопје
8.	проф. д-р Стојан Дебарлиев	Економски факултет – Скопје
9.	Проф.д-р Верица Јанеска	Економски институт - Скопје
10.	Проф. д-р Зоран Јаневски	Економски институт - Скопје
11.	проф. д-р Марија Таковска	Економски институт - Скопје
12.	проф. д-р Марија Трпкова-Несторовска	Економски факултет – Скопје
13.	проф. д-р Виолета Цветкоска	Економски факултет – Скопје
14.	Проф. д-р Предраг Трпески	Економски факултет – Скопје

Деталните податоци за наставниот кадар се содржани во Прилог бр. 4.

16. ИЗЈАВА ОД НАСТАВНИКОТ ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА УЧЕСТВО ВО ИЗВЕДУВАЊЕ НАСТАВА ПО ОДРЕДЕНИ ПРЕДМЕТИ ОД СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Прилог бр. 10.

17. СОГЛАСНОСТ ОД ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА ЗА УЧЕСТВО НА НАСТАВНИКОТ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Прилог бр. 5.

18. ИНФОРМАЦИЈА ЗА БРОЈОТ НА МЕНТОРИ

На високообразовните установи кои изведуваат студиски програми од трет циклус на универзитетски - докторски студии, ментор на докторскиот труд може да биде редовен или вонреден професор од соодветната научна област кој е вработен на високообразовната установа, редовен или вонреден професор чиј работен однос е во мирување или редовен професор во пензија, кој бил во работен однос на високообразовната установа.

Менторот на докторскиот труд треба да е акредитиран за ментор на докторски студии од страна на Одборот за акредитација. Услов за акредитација на ментор е професорите да имаат објавено најмалку шест научни трудови во референтна научна публикација согласно Законот за високо образование. Во моментот на поднесување на овој елаборат, списокот на акредитирани ментори од институциите што учествуваат во програмата од трет циклус по статистички методи за бизнис и економија е даден во прилог бр. 8.

19. ИНФОРМАЦИЈА ЗА БРОЈОТ НА СТУДЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПРВАТА ГОДИНА НА СТУДИСКАТАПРОГРАМА

Според проценките за просторните можности, опремеоста и кадровскиот потенцијал на студиската програма на трет циклус студии од областа на Статистичките методи за бизнис и економија се очекува да се запишат 5 студенти.

Предлагачот на студиската програма, во согласност со општествените ūпотреби, актуелнитересурси, расположивите ментори и интересот на кандидатите, на докторските студии ќе запишува одреден број на студенти, кој секоја година се определува со посебна одлука на Советот на студиската програма на Факултетот, потврдена од страна на Универзитетот иобјавена во Конкурсот за запишување на студенти на трет циклус - докторски студии на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје.

20. ИНФОРМАЦИЈА ЗА БРОЈОТ НА НАСТАВНИЦИ ВО ПОЛЕТО ОДНОСНО ОБЛАСТА ОДНАУЧНОИСТРАЖУВАЧКОТО ПОДРАЧЈЕ НЕОПХОДНИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ

Наставниците наведени во точка 15 од овој предлог-проект се избрани и изведуваатактивности во поголем број на научно-истражувачки области. Информација во која област се избрани наставниците кои учествуваат во оваа студиска програма е дадена во Прилогот бр. 4 за секој наставник одделно.

21. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБЕЗБЕДЕНА ЗАДОЛЖИТЕЛНА И ДОПОЛНИТЕЛНА ЛИТЕРАТУРА

Предвидената задолжителна и дополнителна литература е обезбедена од страна на предметните наставници, а дел се наоѓа во библиотеката на Економскиот факултет во Скопје. Како задолжителна литература ќе се користи и стручната литература преведена и дистрибуирана од страна на Владата на Република Македонија за предметните програми каде истата постои.

22. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВЕБ СТРАНИЦА

Сите информации за студиските програми на Економски факултет – Скопје и Економски институт, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје се достапни наинтернет страниците на Економскот факултет - Скопје: www.eccf.ukim.edu.mk и на Економски институт: www.ek-inst.ukim.edu.mk.

23. ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ СО КОИ СЕ ОПФАТЕНИ НАЈМАЛКУ 20% ОД НАСТАВНИОТ КАДАР

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

БУЦЕВСКА, д-р Весна
2009-2015 Консултант на меѓународниот проект “Conditional Cash Transfers Project in the Former Yugoslav Republic of Macedonia: Data Collection for Baseline Surveys for the Impact Evaluation of the Introduction of a Cash Transfer Conditional Cash Transfer Evaluation Project” financed by the World Bank.
2013-2018 Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет-Скопје под наслов: „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската унија”(2013-2018)
2014-2018 Истражувач во меѓународниот проект “Statistical Modelling for Response to Crisis and Economic Growth in Western Balkan Countries“ (STRENGTHS) supported by Croatian Science Foundation.
2017 – 2018 Билатерален научноистражувачки проект Slovenia – Macedonia intra-regional cooperation under the China 16+1 cooperation mechanism.
ДЕБАРЛИЕВ, д-р Стојан
2013- 2018, Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет-Скопје под наслов: „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот

во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската унија”.
ИВАНОВСКИ, д-р Игор
Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет-Скопје под наслов: „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската унија” (2013-2018)
Национален апликативен проект „Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации – Договор за Развој и дизајн на концепцијата за четиригодишно техничко образование“, 2019
Стручно апликативен проект-Нови перспективи за економски и социјален развој во Република Македонија, Фридрих Еберт Фондација-Скопје, 2016
Учесник во меѓународен научно – истражувачки проект“Joint Program for Sustainability Leadership”, одобрен во рамки на програмата Erasmus+, потпрограма КА2 – Cooperation for Innovation and the Exchange of Good Practices: Strategic partnerships in higher education, 2016 год.
Учесник/соработник во подговотвување и пријавување на Меѓународен научно – истражувачки проект “Driving Competency-based Education Through Adaptive Technology: Online program Smart - Start”, која треба да биде поднесена во рамки на програмата Erasmus+, потпрограма КА2 – Cooperation for Innovation and the Exchange of Good Practices: Strategic partnerships in higher education, 2017
Билатерален научно – истражувачки проект со наслов “Slovenia – Macedonia intra-regional cooperation under the China 16+1 cooperation mechanism”, поднесен во рамките на Конкурсот за финансирање на билатерални проекти меѓу Р.Македонија и Р. Словенија, за периодот 2017-2018 година
Национален научно-истражувачки проект „Моделирањето на сегментите на пазарот на труд низ перспективите на дипломираните економисти на Економски Факултет-Скопје, Економски Факултет-Скопје, 2019
НАКОВ, д-р Леонид
2013 – 2018, Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет-Скопје под наслов: „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската унија“.
2014, „Напредно менаџирање низ промени на организациските процеси и односи”, нацоналенапликативен проект, Градежен Институт на Македонија (ГИМ) и ClearView Business Training Center, Мај-Јуни, Скопје.
2016, „Лидер“, национален апликативен проект, Министерство за образование и наука.
2016, “Joint Program for Sustainability Leadership”, меѓународен научно – истражувачки проект, Erasmus +, Key Action 2, Економски Факултет – Скопје, УКИМ, Економски Факултет – Универзитет од Љубљана, Institute of Systems Sciences, Innovation and Sustainability Research – UNI Graz, Австрија, Faculty of Economics, Vytautas Magnus University (VMU), Литванија, ИЕГЕ.
2018, „Деловно – технолошки акцелератор УКИМ“, национален истражувачко – апликативен проект, Фонд за иновации и технолошки развој.
2018, “European Culture Tour”, проектен акрином : “E.Cul.Tour”, меѓународен научно – истражувачки проект, COSME проектно – истражувачката мрежа.
ТЕВДОВСКИ, д-р Драган
2011-2016, Social Services, Welfare States and Places. The Restructuring of Social Services in Europe and Its impacts on Social and Territorial Cohesion and Governance, COST action IS1102.

Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет-Скопје под наслов: „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската унија”(2013-2018)
2016-2017, Competitiveness in South East Europe: A Policy Outlook 2018” (2016-2017), OECD.
2016-2020, Measuring homelessness in Europe, COST
ТРЕНЕВСКА БЛАГОЕВА, д-р Калина
2013-2018, Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет-Скопје под наслов: „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската унија”(2013-2018)
Дигитализација на бизнис процесите на претпријатијата во Република Македонија за подобрување на ефикасноста и иновативноста. Проект финансиран од УКИМ, 2014 година.
ТРПЕСКИ, д-р Предраг
2013-2018, Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет-Скопје под наслов: „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската унија”(2013-2018)
2014/2017 Фискалните мултипликатори - случајот на Република Македонија, научен проект во рамките на Центарот за стратегиски истражувања на МАНУ, раководител Фити, Т., Скопје.
ТРПКОВА - НЕСТОРОВСКА, д-р Марија
Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет-Скопје под наслов: „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската унија”(2013-2018)
ФИЛИПОВСКИ, д-р Владимир
Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет-Скопје под наслов: „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската унија” (2013-2018)
2014/2017 Импликациите од европската должничка криза врз процесите на економската интеграција во европската унија, научен проект помеѓу МАНУ и БАН (Бугарска академија на науките).
2015 – 2016, University - Business Cooperation in Europe, Initiative of the European Commission, Contractor: European Commission, Brussels; Managing Institution: Münster University of Applied Sciences (MUAS), Germany.
2014/2017 Фискалните мултипликатори - случајот на Република Македонија, научен проект во рамките на Центарот за стратегиски истражувања на МАНУ.
ФИТИ, д-р Таки
2014/2017 Импликациите од европската должничка криза врз процесите на економската интеграција во европската унија, научен проект помеѓу МАНУ и БАН (Бугарска академија на науките), раководители Т. Фити, М. Димитров, Скопје /Софија.
2014/2017 Фискалните мултипликатори - случајот на Република Македонија, научен проект во рамките на Центарот за стратегиски истражувања на МАНУ, раководител Фити, Т., Скопје.
2013-2018 Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет-Скопје под наслов: „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот

во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската унија.”
2017/2018 Bulgarian – Macedonian Cross Border Cooperation for Capacity Building for Competitiveness and Innovation,научен проект Interreg – IPA CBC, МАНУ – партнер – лидер.
2018, Идентификување на развојни можности за структурни промени и извозна диверсификација преку активни индустриски политики – студија на случај: машински и металопреработувачки сектор – научен проект финансиран од ЕУ – НЦРИПУ, Скопје.
ЦВЕТКОСКА, д-р Виолета
2013-2018, Научно-истражувачки проект на Економскиот факултет-Скопје под наслов: „Перспективи и предизвици на процесот на приближување на јавниот и бизнис секторот во Република Македонија кон стандардите и конкурентноста на економиите во Европската унија”.
2014/2017 Фискалните мултипликатори - случајот на Република Македонија, научен проект во рамките на Центарот за стратегиски истражувања на МАНУ, раководител Фити, Т., Скопје.
2016 – 2018, Истражување за бегалската криза со методата аналитички хиерархиски процес, “Citizens for change”, Civica Mobilita.
2018 - , “Hidden Champions in Dynamically Changing Societies and their Management and Leadership Development Needs”, CEEMAN-the International Association for Management Development in Dynamic Societies and IEDC-Bled School of Management.

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ:

ЈАНЕСКА, д-р Верица
1. 2016-2017, „Економски импликации од политичката криза во Република Македонија“,Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. 2016, Особености на активното и неактивното помладо население во Република Македонија – постојни состојби и предизвици, Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
3. 2017-2018, Социо-економски индикатори и квалитетот на живот во Република Македонија, Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
4. 2017-2018, „Хармонизација на јавната администрација во Република Македонија со Европските стандарди“,Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
5. 2017-2018, Национална стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората, 2019-2023 година, Владата на Република Македонија, Кабинет на министер задолжен за дијаспора.
ЈАНЕВСКИ, д-р Зоран
1. 2014, Стратегија за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништво, со акционен план, за периодот 2014-2017 година, Собрание на Град Скопје.
2. 2014-2015, Можности за подобрување на ефикасноста и ефективноста во имплентација на Инструментот за прет-пристапна помош ИПА II во Република Македонија, Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
3. 2016, Примена на маркетинг концептот за малите претпријатија во Република Македонија - состојба и перспективи, Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
4. 2018-2019, Патување на газелата низ дигиталната трансформација, ИЦС Груп/ФИТР.
5. 2018-2019, entrepreneurial learning exchange initiative for sustainable hospitality SMEs in the balkan-mediterranean region (HELIX), Interreg Balkan-Mediterranean.
ТАКОВСКА, д-р Марија

1.	2016-2017, Примена на маркетинг концептот за малите претпријатија во Република Македонија, ЕИС.
2.	2016-2017, Можности и перспективи за развој на алтернативните форми на туризам во Република Македонија, ЕИС.
3.	2017, Економски импликации од политичката криза во Република Македонија, Проект финансиран од интегративните функции на УКИМ.
4.	2018/2019, HELIX, Европска комисија.
5.	2018, Социо-економски индикатори и квалитетот на живот во Република Македонија, Проект финансиран од интегративните функции на УКИМ.
6.	2019, Идентификување на компетенциите на вработените за конкурентност и одржливост на МСП во РМ, Проект финансиран од интегративните функции на УКИМ.

24. НАУЧЕН НАЗИВ СО КОЈ СЕ СТЕКНУВА СТУДЕНТОТ ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Студентот кој ќе заврши универзитетски тригодишни студии од трет циклус,студиска програма Статистички методи за бизнис и економија, се стекнува со следното звање:

На Македонски: ДОКТОР ПО ЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА

На Англиски: Ph.D. in Economic Statistics

Воедно, студентите добиваат диплома и додаток на дипломата согласно Правилникот засодржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и надругите јавни исправи („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/09).

Податоците за називот на студиската програма, научноистражувачкото подрачје, поле и област се дадени во дипломата и додатокот на дипломата.

25. ОБЕЗБЕДЕНА МЕЃУНАРОДНА МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ

Пренос на ЕКТС кредити од ова студиска програма, продолжување и завршување надокторските студии преку реализација на мобилности на студентите на други високообразовниинституции каде има сродна студиска програма ќе се реализира преку аплицирање напрограмите за студентска мобилност (CEEPUS програмата за мобилност на наставен истуденски кадари Erasmus + програмата и др.), во согласност правилата за мобилностна студентите на Универзитетот „Св Кирил и Методиј” во Скопје. За активното дејствување на Економскиот факултет во Скопје во полето на обезбедуавање на меѓународна мобилност настудентите, сведочат и повеќето потпишани договори со странски универзитети, информациидостапни на интернет страницата http://www.eccf.ukim.edu.mk/Article/21.

Притоа, особено значајна е можноста за мобилност на студентите во текот на нивнотостудирање заради користење на различни извори при спроведување на самостојното научноистражување, преку истражување на литература на други универзитетски библиотеки, работаво развиени лаборатории и научни центри при други универзитети/факултет или користење наресурси на други факултети со компатибилни студиски програми.

Во текот на студиската програма секој студент мора да престојува на некој од Европските универзитети (во договор со менторот и со партнерите од странската институција) во траење од една недела на своја сметка за дополнително истражување за докторската дисертација.

26. СПОРЕДЛИВОСТ СО ПРОГРАМИ ОД СТРАНСКИ ЕМИНЕНТНИ ВИСОКООБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ

Студиската програма на трет циклус студии по Статистички методи за бизнис и економија во целост се заснова на принципите на Болоњската декларација.

Таа е многу слична на докторската студиска програма на Универзитетот "Карлос III" од Мадрид, кој беше член на конзорцумот на ТЕМПУС заедничкиот европски проект "Statistical metods for business and economics"(SMEBE) кој имаше за цел развој и воведување на студии на трет циклус по Статистички методи за бизнис и економија:

- **Carlos III University of Madrid**

  The Department of Statistics and The Department of Business Administration
  Програма: Ph.D. in Business Administration and Quantitative Methods
  http://www.uc3m.es/portal/page/portal/postgrado_mast_doct/doctorados/business_sdm_quanti_meth

Покрај целосната усогласеност со горенаведената студиска програма, студиската програма на трет циклус студии Статистички методи за бизнис и економија е многу слична со соодветните студиски програми на најпрестижните високобразовни институции и тоа:

- **University Bocconi Програма: Ph.D. in Statistics**

  http://www.unibocconi.it/wps/wcm/connect/SitoPubblico_EN/Navigation+Tree/Home/Schools+and+Programs/PhD+School/PhD+in+Statistics/?lang=en
- **University of Boston**

  Department of Economics
  Програма: Doctor of Philosophy Ph.D.
  http://www.bu.edu/econ/graduate/courses/phd_courses.html
- **Stanford University**

  Department of Statistics Програма:
  Ph.D. in Statistics
  http://www-stat.stanford.edu/academics/phd.html

и голем број други докторски студии на престижни европски и светски универзитети кои се организирани според начелата на Болоњската декларација

27. АКТИВНОСТИ И ЕЛЕМЕНТИ ПРЕКУ КОИ СЕ РАЗВИВА И ОДРЖУВА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА

27.1 Облици на настава и начини на проверка на знаењата

На програмата од трет циклус студии по Статистички методи за бизнис и економија ќе се одржуваат: традиционални и интерактивни предавања, семинари предводени од тутори и професионални експерти; независно истражување; практична работа во министерства и други соодветни институции. Во наставата се планира инкорпорирање на предавачи гости, претставници на менаџерските тимови на домашни и странски фирми и други институции во Република Македонија, кои ќе зафаќаат не повеќе од 15% од планираниот фонд на часови.

Наставата ќе се организира на два начина и тоа: групна и индивидулна настава. За да се одржи групна настава, бројот на студенти треба да е минимум 5 лица.

Индивидуалната настава ќе се одржува во вид на консултации.

Студентот во договор со менторот избира предмети за стекнување на генерички знаења и вештини за истражување и предмети за едукација од листата на предмети од потесното подрачје на истражување.

Еден студент на докторски студии кај еден наставник може да слуша и да полаганајмногу два предмети, согласно член 38 од Правилникот за трет циклус студии наУниверзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

За следење на редовното реализирање на наставата, Економскиот факултет воспостави систем за електронска евиденција на одржувањето на наставата.

27.2 Формирање на оценката

Студентот во текот на студирањето на оваа студиска програма, потребниот број на кредити го остварува преку континуирано оценување на сите негови активности предвидени со програмата за секој наставен предмет. Испитите ќе се изведуваат писмено и усно.

Оценувањето на постигнатите резултати на студентот е квантитативно. Завршното оценување за секој предмет соодветно се изразува со оценка од 5 до 10, каде оценка 5 означува недоволен успех.

Секој студент ќе биде оценет според вкупниот број поени добиени преку полагање на испитот, научно-истражувачките активности и активностите на час. Вкупно добиените поени ќе се поделат со вкупно можните поени за да се пресмета процентот на секој посебен сегмент кој е вклучен во пресметка на оценката.

Оценувањето ќе се врши согласно Законот за високообразование на Република Македонија со примена на нумеричкиот систем за оценување.Студентот ја совладува студиската програма преку полагање на испити со што остваруваодреден број на ЕКТС кредити, во согласност со структурата на студиската програма.

За да се обезбеди меѓународна компатибилност на системот на оценување и да се олесни меѓународната соработка и размена на студенти, ќе се користи следнава скала на оценување:

Оцени од 5 до 10	Соодветна оцена
5 (пет)	F
6 (шест)	E
7 (седум)	D
8 (осум)	C
9 (девет)	B
10 (десет)	A

26.3. Начини на следење на квалитетот и успешноста на реализацијата на предметот

Квалитетот на наставниот процес и на наставниците за секој од предметите ќе се следи и оценува врз основа на евалуациони листи кои ќе бидат доставувани на секој студент, а според стандардите на УКИМ.

Обезбедувањето и одржувањето на квалитет и контролата на квалитетот ќе бидеспроведувано согласно со активности и механизми кои се спроведуваат за сите студискипрограми и се однесуваат на сите учесници во наставниот процес на Економскиот факултет и Економскиот институт во Скопје. Наведените активности и механизми на самоевалуација се однесуваат на:

- развојот на наставните содржини,
- реализацијата на наставниот процес,
- оценувањето на студентите,

- изработката на докторска дисертација,
- оценка на квалитетот на наставата од страна на студентите со анкети на крајот одсекој семестар за секој предмет,
- оценка на квалитетот на студиската програма од страна на студентите при
- доделување на дипломата и други процедури кои се однесуваат на ресурсите и
- логистиката на наставниот процес.

П Р И Л О З И

ПРИЛОГ 1: ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА, ОДНОСНО СОВЕТОТ НА НАУЧНАТА УСТАНОВА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Економски факултет - Скопје

Бр. 02-2364/4 Дата. 18.12 2020 година

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18), а согласно поднесениот предлог од страна на Советот на студиската програма за трет циклус студии по Статистички методи за бизнис и економија бр.02-2360/2 од 14.12.2020, Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 16.12.2020 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

Се одобруваат измените на предлог проектот (елаборат) за повторна акредитација на студиската програма на трет циклус на студии по Статистички методи за бизнис и економија, прифатен со одлука на Наставно – научниот совет бр.02-2235/3 од 31.10.2019 година

Согласно член 94 став 3 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18): Универзитетскиот сенат ги усвојува студиските програми на факултетите, односно на високите стручни школи и на научните институти во негов состав кои вршат високообразовна дејност согласно со овој закон.

Проектот за повторна акредитација на студиската програма на трет циклус студии по Статистички методи за бизнис и економија, со внесени измени, во електронска како и во хартиена форма потребно е да се достави до Ректоратот на Универзитетот заради понатамошно постапување.

Оваа одлука да се достави до: Ректорат, Советот за трет циклус студии, одделение за студентски прашања, архива, досие на предметот и досие на седницата.

ДЕКАН

Изработил: Д.К

Проф. д-р Предраг Трпески

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ

Арх. бр. 02 - 1135/2
Дата: 24.12 2020 год.

Врз основа на членот 110 став 1 точка 6 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр. бр. 82/2018), Научниот совет на Економскиот институт на својата 48. седница одржана на 23.12.2020 година, донесе

ОДЛУКА

за усвојување на корегиран елаборат/проект за повторна акредитација на студиска програма на трет циклус на студии (докторски студии) по Статистички методи за бизнис и економија

1.Со оваа одлука се усвојува корегираниот елаборат/проект за повторна акредитација на студиска програма на трет циклус на студии (докторски студии) по Статистички методи за бизнис и економија

2.Оваа одлука да се достави до Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје заради понатамошно постапување.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Универзитетот;
- архивата

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАУЧНИОТ СОВЕТ

д-р Зоран Јаневски

Изготвил:
Коста Јовчевски

ПРИЛОГ 2: ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД РЕКТОРСКАТА УПРАВА ИЛИ УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СЕНАТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Примено:	09.02.2021		
Сл. Един.	Број	Прилог	Вредност
03	39/1		

Бр. 02-139/2
09.2.2021
Скопје

До
Економски факултет
Економски институт
Скопје

Почитувани,

Ве известуваме дека Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно член 157, став 1, точка 8 и член 282 од Статутот на УКИМ, на 7. седница одржана на 29.1.2021 година, донесе:

1. Одлука за усвојување на студиска програма од трет циклус студии – докторски студии - ***Економски науки*** на Економскиот факултет и на Економскиот институт во Скопје;
2. Одлука за усвојување на студиска програма од трет циклус студии – докторски студии - ***Статистички методи за бизнис и економија*** на Економскиот факултет и на Економскиот институт во Скопје;

Во прилог на дописот ви ги доставуваме одлуките и ве потсетуваме дека согласно Законот за високото образование одлуките треба да ги приложите во Елаборатите, во делот Прилози, точка 2.

Исто така, Ве потсетуваме дека, до Одборот за акредитација на високото образование, заедно со барањето за акредитација, се приложуваат 2 примероци од елаборатот и прилозите во хартија и 20 примероци во електронска форма снимени на CD.

Ве молиме, по завршувањето на постапката за акредитација на наведените проекти, до Универзитетот да се достави копија од решенијата за акредитација.

Со почит,

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Ректор

Проф. д-р Никола Лакуловски

Изготвил: Виолета Ланговска

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Sa. Cyril and Methodius University in Skopje

Одлука од УС
Ознака: ОВ 5.5/13
Страна: 1 од 1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ
Примено: 08.02.2021
Орг. единица: 01 Број: 331/1

Бр. 02 -134/27
29.1.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 94 став 1, точка 3 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.82/18), член 157, став 1, точка 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Мислењето на Ректорската управа и по предлог на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет и Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 7. седница одржана на 29.1.2021 година, донесе

ОДЛУКА

за усвојување на Проектот за повторна акредитација на студиската програма од трет циклус, докторски студии по Статистички методи за бизнис и економија на Економскиот факултет и на Економскиот институт во Скопје

Член 1

Се усвојува Проектотот за повторна акредитација на студиската програма од трет циклус, докторски студии *по Статистички методи за бизнис и економија* на Економскиот факултет и на Економскиот институт во Скопје.

Член 2

Наставата, од студиската програма од трет циклус, докторски студии *по Статистички методи за бизнис и економија* ќе започне да се изведува по добивањето на решение за акредитација од страна Одборот за акредитација на високото образование и по добивањето на решение за исполнетост на условите за почеток со работа на студиската програма од страна на Агенцијата за квалитет на високото образование на Република Северна Македонија.

Член 3

Универзитетскиот сенат го упатува проектот од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација на високото образование на натамошна постапка за акредитација, односно повторна акредитација. Проектот, во печатена и во електронска форма до Одборот за акредитација на високото образование се доставува од страна на единицата на Универзитетот - предлагач и организатор на студиската програма.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник*.

Претседател

Проф. д-р Анета Баракоска

Доставено до:
- Економски факултет,
- Економски институт
- Одборот за акредитација на високото образование

ПРИЛОГ 3А: ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД ЛИСТАТА НА ГЕНЕРИЧКИТЕ ПРЕДМЕТИ

Предметна програма од трет циклус студии				
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Научно – истражувачка етика**		
2.	**Код**	5.03		
3.	**Студиска програма**	**Статистички методи за бизнис и економија**		
4.	**Организатор на студиската програма**	Економски факултет – Скопје, во со – организација со Економскиот Институт – Скопје		
5.	**Степен (прв, втор, трет)**	Трет (III)		
6.	**Академска година/ семестар**	2020/21	Број на ЕКТС кредити:	3
7.	**Наставник:**	Проф. д-р Леонид Наков		
8.	**Предуслов:**	Завршен втор циклус студии (вкупно 300 кредити)		
9.	**Цели на предметната програма (компетенции):** Основната наставна цел на предметот *Научно – истражувачка етика, со примена и примери во подрачјето на економските науки,* претставува запознавањето со природата на научно-истражувачката етика и етичките категории на однесување во општествените науки, истражувачките етички вредности и стандарди, етичката одговорност и релативизам и аналитичките етички норми, како и емпириско креирање на Практичен етички водич на однесување на индивидуи, групи/тимови и организацијата како целина. Особено внимание ќе се сосредоточи врз взамниот однос на економската и менаџерската етика, приодите во управување со етичкото однесување во економијата, ефективната изградба и ефикасната употреба на организациската култура на меѓусебна доверба и почит, методолошките концепти на општествено одговорно однесување и реакција, функцијата на кодексот на етика и одговорните етички органи и индивидуи, современите етички предизвици, иновации и развојни предизвици.			
10.	**Содржина на предметната програма (општ дел од наставата):** 1. *Природа на научно – истражувачката етика* (морал, морална одговорност, морална доблесност vs бизнис ориентација, односот на моралот и етиката, бизнис етика, функции и очекувани резултати од бизнис етиката) 2. *Етички категории на однесување во економските науки* (истражувачки етички вредности и стандарди, етичка одговорност и релативизам, аналитички етички норми, Практичен етички водич за истражувачко одлучување на индивидуи, групи/тимови и организацијата во целина - когнитивно, аналитичко, систематско и рефлективно ниво) 3. Модалитети на теории на етички одговорно однесување во економијата 4. Организациска култура на меѓусебна доверба и почит сообразно Адизес моделот 5. Методолошки приоди на општествена одговорност 6. Улогата на Кодексот на етика, менаџерот за етика и етичкиот комитет 7. Современи етички предизвици и иновации (транспарентност, обелоденување, поткуп/изнудување, идентитет, вкрстена етичка аналитичка рамка) 8. Идни развојни тенденции на научно – истражувачката етика во економските науки (катализатор на одржлив развој – интеграција на етички економски, социјални и аспекти на оркужувањето)			
11.	**Методи на учење**: Интерактивни предавања со презентации, анализа на студии на случаи			
12.	**Вкупен расположив фонд на време**	1 ЕКТС = 30 часови		

13.	**Распределба на расположивото време**		30+ 30 + 30 = 90 часови	
14.	**Форми на наставните активности**	14.1.	Предавања-теоретска настава	24 часа
		14.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	6 часа
15.	**Други форми на активности**	15.1.	Проектни задачи	-
		15.2.	Самостојни задачи	30 часа
		15.3.	Домашно учење	30 часа
16.	**Оценување**		*50 + 20 + 15 + 15 = 100 бода*	
		Писмен испит во форма на тест		*50 бода*
		Проектни задачи (со презентација) и студии на случаи		*20 бода*
		Самостојни задачи (со презентација)		*15 бода*
		Активност и учество		*15 бода*
	Оценки:		*од 50 бода*	*5 (пет) (F)*
			од 51 до 60 бода	*6 (шест) (E)*
			од 61 до 70 бода	*7 (седум) (D)*
			од 71 до 80 бода	*8 (осум) (C)*
			од 81 до 90 бода	*9 (девет) (B)*
			над 90 бода	*10 (десет) (A)*
17.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**		Редовна посета на наставата	
18.	**Јазик на изведување на наставата**		Македонски	
19.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**		механизми на евалуација и само-евалуација	

20. **Литература (основна):**

1. Леонид Наков и Олгица Блажеска (2018), **Деловна етика, (авторизирана скрипта)**, Економски факултет – Скопје,
2. Enderle Georges and Patrick Murphey (2016), **Ethical Innovation in Business and the Economy,** Edward Elgar Publ., Cheltenham, MA,
3. Jensen C. Michael & Paul J. Zak (2008), **Moral Markets: The Critical Role of the Values in the Economy,** Princeton University Press, Princeton, New Jersey,
4. Bredeson A. Dean (2012), **Applied Business Ethics,** South – Western Publishing, Mason, USA.

21. **Литература (дополнителна):**

1. Kotler Philip & Nancy Lee (2005), **Corporate Social Responsibility,** Wiley & Sons Publishing Inc., New Jersey,
2. Beauchamp Tom, Bowie Norman & Denis Arnold (2006), **Ethical Theory and Business**, **8th Ed.,** Wiley & Sons Publishing Inc., New York.
3. Ferrell O.C., Friedrich John & Ferrell O.B. (2006), **Business Ethics: Ethical Decision Making and Cases,** Wiley & Sons Publishing Inc., New York.

Предметна програма од трет циклус студии					
1.	Наслов на наставниот предмет	**Методологија на научноистражувачката работа**			
2.	Код	5.03			
3.	Студиска програма	**Докторски студии по Статистички методи за бизнис и економија**			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	**Школа за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	**Трет циклус**			
6.	Академска година/семестар	**2020/2021**	**I (прв)**	**Број на ЕКТС**	**3**
8.	Наставници	1. Проф. д-р Верица Јанеска 2. Проф. д-р Марија Таковска			
9.	Предуслови за запишување на предметот	**Завршен втор циклус студии**			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): ***Генерички компетенции*** Со изучување на предметот *Методологија на научноистражувачката работа,* студентите ги осознаваат основите на науката и научното истражување во општествените науки. Притоа, тие се стекнуваат со сознанија за теоријата на науката и методологијата на научните истражувања, потоа основните карактеристики и спецификите на општествените појави, како и со основите на теоријата на општествените истражувања и можните теоретско-методолошки пристапи при нивната реализација. Студентите посебно ќе ги осознаваат особенотисте на методологијата, потоа методолошкото значење на теоријата и праксата, како и технологијата на научните истражувања во подрачјето на економските науки. Притоа, ќе се стекнат со релевантни сознанија како за истражувачките методи, техники и инструменти, така и за иновацијата, развојот и примената на научните истражувања во подрачјето на економските науки. Ваквиот пристап на студентите ќе им овозможи полесно совладување на методологијата на научноистражувачка работа, а обработката на примери на научни истражувања стекнување на практични знаења за дизајнирање и реализација на развојни и применети истражувања во подрачјето на економските науки. ***Специфичните компетенции*** се однесуваат на: ➢ Осознавање на теоријата на науката, видовите и методологијата на научните истражувања; ➢ Запознавање со основните карактеристики на општествените појави и совладување на релевантните аспекти за научното истражување во општествените науки (теоријата и различните теоретско-методолошки пристапи во општествените истражувања). ➢ Осознавање на особеностите на научното сознание, процесот на научно-истражувачка работа, како и дефинирањето и суштинското сфаќање на јазикот и појмовниот апарат во подрачјето на економските науки; ➢ Запознавање со квалитативните и квантитативните истражувачки методи, истражувачките техники и инструменти кои се користат во економските науки; ➢ Совладување на релевантните аспекти за секоја фаза во процесот на научното истражување;				

	➢ Оспособување на докторантите успешно да ги подготвуваат научните и стручните трудови, како и пријавата и изработката на докторска дисертација.
11.	Содржина на предметната програма: ➢ Наука и научно истражување (теорија на науката, класификација на науката, видови научни истражувања, методологија на научното истражување) ➢ Особености на општествените појави (карактеристики на општествените појави, поделба и видови на општествени појави) ➢ Научното истражување во општествените науки o Улогата на теоријата во општествените истражувања o Алтернативни теоретско-методолошки пристапи во општествените истражувања o Дисциплинарен и мултидисциплинарен пристап во општествените истражувања o Квалитативни и квантитативни пристапи во општествените истражувања ➢ Улогата на теоријата во истражувањата од областа на економските науки (методолошкото значење на теоријата, теоретските нормативи и праксата) ➢ Истражувачки методи, техники и инструменти во економските науки o Квалитативни и квантитативни истражувачки методи o Истражувачки техники и инструменти ➢ Технологија на научните истражувања во областа на економските науки ➢ Иновација, развој и примена на научните истражувања во економските науки ➢ Примери на научни истражувања во подрачјето на економските науки.
12.	Методи на учење: Интерактивна настава (предавања и дискусија); Подготовка на есеј на тема од областа на општествените науки; Колоквиум / тест за проверка на стекнатите знаења; Индивидуални консултации.

13.	Вкупен расположлив фонд на време		1 ЕКТС = 30 часови	
14.	Распределба на расположливо време		23+ 22 + 45 = 90 часови	
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања-теоретска настава	18 часови
		15.2.	Дискусија, консултации	5 часови
16.	Други форми на активности	16.1.	Проектни задачи	/
		16.2.	Есеј	22 часови
		16.3.	Домашно учење	45 часови
17.	Начин на оценување			
	17.1.	Тестови		50 бодови
	17.2.	Есеј (презентација: писмена и усна)		40 бодови
	17.3.	Активност и учество		10 бодови
18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)	до 60 бода		5 (пет) (F)
		од 61 до 68 бода		6 (шест) (E)
		од 69 до 76 бода		7 (седум) (D)
		од 77 до 84 бода		8 (осум) (C)
		од 85 до 92 бода		9 (девет) (B)
		од 93 до 100 бода		10 (десет) (A)
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Релизирани активности од точка 15 и 16		
20.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски и/или англиски		
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	механизми на интерна евалуација и анкети		
22.	ЛИТЕРАТУРА			

	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Њуман В. Лоренс	*Општествено истражувачки методи - квалитативни и квантитативни пристапи* (шесто издание)	Просветно дело АД, Скопје	2006
		2.	Marcel Boumans, John B. Davis	*Economic Methodology -understanding economics as a science*	Pelgrave Macmillan	2010
		3.	Zelenika Ratko	*Metodologija i tehnologija izrade znanstvenog i stručnog djela (četvrto izdanje)*	Ekonomski fakultet u Rijeci, Rijeka	2000
		4.	Anol Bhattacherjee	*Social Science Research: Principles, Methods, and Practices*	Textbooks Collection. 3, University of South Florida Tampa, Florida, USA	2012
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		*Business Writing Clear and Simple*	Learning Express, LLC, New York	2007
		2.	Geoffrey Marczyk, David DeMatteo, and David Festinger	*Essentials of Research Design and Methodology*	John Wiley & Sons, Inc., Hoboken, New Jersey.	2005
		3.	Dr. Prabhat Pandey Dr. Meenu Mishra Pandey	*Research Methodology: Tools And Techniques*	Bridge Center, Romania, European Union	2015
		4.	Colin Fisher (with John Buglear, Diannah Lowry, Alistair Mutch, Carole Tansley)	*Researching and Writing a Dissertation: A Guidebook for Business Students* (second edition)	FT Prentice Hall	2007

Предметна програма од трет циклус студии					
1.	Наслов на наставниот предмет	**Економетрија**			
2.	Код	5.03			
3.	Студиска програма	**Докторски студии по Статистички методи за бизнис и економија**			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Економски факултет Економски институт			
5.	Степен(прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година/семестар	2019/2020	7.	Број на ЕКТС	6
8.	Наставник	Проф. д-р Весна Буцевска			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Завршен втор циклус студии и познавање на математика и статистика			
